Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел дневните настани 19.12.2021

На 18.12.2021 полициски службеници од СВР Велес, врз основа на судска наредба, ги привеле Б.А.(40), Н.П.(21), Ј.Ј.(39), М.А.(24), И.У.(40) и Р.С.(30), сите од Велес. За нив биле распишани потерници за издржување затворски казни. Р.С. била спроведена во Казнено-поправната установа Затвор Идризово, а останатите лица биле спроведени во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казните.

На 19.12.2021 во 01.20 часот на ул.„Крушевска Република" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.Б.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2021 во 23.40 часот на крстосница од бул.„Србија" со бул.„Борис Трајковски" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода М.М.(22) и А.М. (31), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела грутвеста материја и стебла од растението канабис. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2021 во 19.50 часот на бул.„Партизански одреди" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Р.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.12.2021 во 23.30 часот на ул.„ Јурај Гагарин" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ц.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2021 околу 20.30 часот, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода С.Ѓ.(36) од Охрид. Тој бил затекнат при извршување кражба во објект на вулканизерска работилница во с.Оровник, општина Дебарца. Одземените предмети бил вратени на сопственикот, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2021 во 20.30 часот на ул.„Гоце Делчев" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода М.Б.(19) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2021 околу 17.35 часот на автопатот Тетово-Скопје, во близина на наплатна рампа с.Желино, полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во минибус со струшки регистарски ознаки. При контролата, во минибусот биле затекнати Е.Н.(25), Д.К.(36) и М.С.(25), сите од Индија. Тие биле приведени затоа што остварале илегален влез во Република Северна Македонија. На лицата им била изречена соодветна санкција и мерка протерување на странец од земјата со забрана за повторно влегување.

Во текот на изминатото деноноќие (17.12/18.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 16 прекршоци.

Денеска (19.12.2021) во 10.00 часот на бул.„Александар Македонски" и во 10.20 часот на кеј „Димитар Влахов", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода И.Л.(25) и А.А(42), двајцата од Скопје. И.Л. се соменови дека во 09.49 часот на крстосница од бул.„Крсте Мисирков" со кеј „Димитар Влахов" извршил тешка кражба на дрзок начин над две женски лица, по што одземените предмети ги дал на А.А.. Тие биле приведени во полициска станица и во службен разговор го признале делото, а украдените предмети се вратени на сопственичките. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (19.12.2021) во 11.30 часот во с.Инриково, скопско, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода А.А.(27) од Скопје. Тој бил затекнат при обид за извршување тешка кражба во викенд куќа во селото. А.А. бил приведен и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18/19.12.2021, во периодот од 21.00 до 03.00 часот, полициски службеници спроведоа зајакната акциска контрола на подрачјето на СВР Битола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол, при што санкционирани се 28 возачи. Од нив, 14 биле на подрачјето на Битола, 7 во Прилеп, 4 во Македонски Брод и 3 во Демир Хисар. Сите возачи-прекршители веднаш се исклучени од сообраќај, изготвени им се законски предвидените поднесоци, а им претстои и мерка времено одземање на возачките дозволи. За време на контролата биле констатирани и санкционирани и 14 останати прекршоци.

На 18/19.12.2021 во периодот од 21.00 до 03.00 часот на целото подрачје на СВР Охрид спроведени се сообраќајни акциски контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 18 возачи кои управувале возило под дејство на алкохол (Охрид-09, Струга-06, Кичево-02, Дебар-01). Тие се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 18.12.2021 во 23.35 часот во СВР Скопје, Д.Т.(35) од Скопје пријавил дека околу 22.30 часот во угостителски објект на ул.„Орце Николов" бил нападнат со предмети од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.К.(34), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 17.12.2020 бил извршен претрес во домот на пријавениот, при што бил пронајден и одземен амфетамин.

На 18.12.2021 во 16.05 часот во СВР Тетово, И.Ф.(41) од Тетово пријавил дека пронашол неексплодирана граната во куќа во с.Ратае, која претходно ја купил од друго лице и ја реновирал. Бил извршен увид и било констатирано дека станува збор за граната со калибар од 40 мм. Од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатата било безбедно подигната.

На 18.12.2021 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Костурски херои" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Г.(18), Т.Љ.(18) и Б.Б.(18), сите од Скопје, од една страна, и повеќе машки лица, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против А.Д (38) од с.Падалиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконита експлотација на минерални суровини". Пријавениот, од почетокот на 2021 година до почетокот на август 2021, вршел ископ на минерална суровина - камен варовник околу 60 м3, без концесија или дозвола издадена од надлежен орган.

На 18.12.2021 во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Е.Р. (44) од Велес, затоа што околу 16.40 часот физички нападнал 38-годишна жена од Велес во нејзиниот двор. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.12.2021 во 01.20 во СВР Куманово, од Казнено-поправната установа затвор К'шаќе било пријавено настанала физичка пресметка помеѓу две лица кои издржувале затворски казни. Полициски службеници извршиле увид и било утврдено дека Б.А.(24) од Скопје физички го нападнал Ј.А.(22) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против И. Р.(25) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 10.06.2020 во Струга, полициски службеници извршиле контрола на возило сопственост на пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 18.12.2021 во 21.06 часот во СВР Скопје, С.Ц.(27) од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот на ул.„Венјамин Мачуковски" бил физички нападнат од четири лица, од кои едното има дрвен, а другото остар предмет, но не ги употребиле. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2021 во 10.36 часот во СВР Скопје, Б.Б.(25) од Скопје пријавил дека околу 10.20 часот на ул.„Македонско-косовска бригада" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.12.2021 во 00.30 часот во СВР Куманово, Њ.С.(19) од Куманово пријавил дека на 18.12.2021 околу 22.30 часот на ул.„Борис Кидриќ" бил физички нападнат од Н.А. од с.Слупчане, општина Липково, кој притоа употребил и метален предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривични пријави против У.Е. (43), У.Д.(24), У.Б.(20) од Радовиш, З.Д.(24) од Скопје, Б.Д.(33) од Гостивар, И.Д.(50), И.А.(52) од Скопје, Б.А,(52), Д.Д.(35), Ќ.Р.(36), Х.К.(54), поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените, на Граничен премин Табановце приложиле на увид фалсификувани ПЦР тестови.
На 18.12.2021 во 13.10 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа затвор Идризово било пријавено дека починал осуденикот Ш.Ф.(76) од Охрид, кој имал здравствени проблеми. Од екипа на Итна медицинска помош била констатирана смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против А.Б.(26), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 17.12.2020, полициски службеници извршиле претрес во дом на негов роднина, при што бил пронајден и одземен амфетамин, кој го поседувал пријавениот.

На 18.12.2021 во 19.30 часот во ОВР Гевгелија, Н.М.(44) од Гевгелија пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка К.М.(16), која и претходно повеќе пати се одалечувала од домот и била наоѓана кај У.М. од Неготино. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 19.12.2021 во 00.17 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Побожје, општина Чучер Сандево, настанал пожар во куќата сопственост на Т.С.(64). Притоа, В.С.(35) не успеал да излезе од куќата и починал. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против М.К.(30) од с.Добридол, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 25.11.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што има решение за изолација во домашни услови.

На 18.12.2021 во 22.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Козле" едно лице со закана кон врзботените си одзело парите од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против С.Р.(30) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 16.04.2021 во 22.15 часот на наплатна рампа Гостивар, полициски службеници ја затекнале пријавената како без дозвола да движење управува возило за време на забрана за движење на целата територија на државата.

На 19.12.2021 во 01.00 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа затвор Идризово било пријавено дека починал осуденикот Х.К.(44) од Република Албанија. Од екипа на Итна медицинска помош била констатирана смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

korupcija
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет